# "Поттикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот за интеграција кон ЕУ"

## Записник од 15-тиот состанок на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара"

**Декември 8-ми, 2016**

**Штрпце, Косово***

*The project is financed by the European Union*

## I. ВОВЕД

**Време и место:**

8 декември, 2016, Ресторан "Код Липе", Штрпце, Косово*

**Учесници:**

Структурата на учесниците на 15-тиот состанок на Групата на заинтересирани страни (ГЗС) вклучуваше 11 членови на Групата, од кои 6 од локалните владини институции, 2 од НВО секторот и 2 од бизнис секторот; Заменик Министерот на Министерството за земјоделство на Косово*, членови од тимот на Главната канцеларија на SWG и на Единицата за управување со проекти во регионот "Шара". Состанокот беше организиран и модериран од страна на ЕУП "Шара". Беше договорено состанокот да се одржи на овој датум, бидејќи постоеше можност за регионалните членови на ГЗС да учествуваат и на настанот од рамки на програмата "Луѓе за луѓе" - "Регионален саем на гастрономија" кој се одржуваше на истиот ден во Штрпце.

Целосната листа на учесници на состанокот можат да се најдат на:

**ANNEX 1**: List of participants_15th Sharra SHG Meeting 08.12.2016

## II.ПРОГРАМА НА СОСТАНОКОТ:

**ПРОГРАМА**

09:30 – 10:00 **Пристигнување на учесниците**

10:00 – 10:10 **Поздравен говор**
*Г-дин Фламур Сулејмани, Заменик претседател на Групата на засегнати страни на прекуграничниот регион "Шара"*

---

* Ваквото определување е без оглед на статусот и истото е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата во врска со декларацијата за независност на Косово.

*Г-а Арјола Доми, Заменик претседателка на Групата на засегнати страни на прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*

10:10 – 10:20 **Вовед во програмата**
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка за прекуграничниот регион "Шара"*

10:20 – 11:30 **"Луѓе за луѓе" активности во прекуграничниот регион "Шара"**
Елаборирање на завршените и идните активности во рамки на програмата "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара" во периодот Октомври – Декември 2016:
- Kukes Handcraft Fair
- Regional Gastronomic Fair
- Regional Youth Entrepreneurship Fair

*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион "Шара"*

11:30 – 11:50 **Кафе пауза**

11:50 – 12:10 **Преглед на генералните и идни активности од имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион "Шара"**
Дискусија за завршените и идните повици за проектни предлози во прекуграничниот регион "Шара", со осврт на IPA CBC
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион "Шара"*

12:10 – 12:20 **Дискусија и усвојување на Оперативниот протокол и процедури на работа во прекуграничниот регион "Шара"**
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*

12:20 – 12:40 **Информативна сесија за резултатите од вториот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата**
*Г-дин Дарко Бужаровски, Теренски соработник за прекуграничниот регион "Шара"*

12:40 – 13:00 **Заклучоци**

13:00 **Ручек и посета на "Регионалниот саем на гастрономија" во Штрпце**

**Заминување на учесниците**

## III. ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ

Редовниот 15-ти состанок на Групата на заинтересирани страни имаше за цел да ги претстави тековните и идните активности во врска со АБДА во прекугgraничниот регион "Шара", нови информации во врска со регионот, како и информации за предвидени активности во рамки на проектот "Поттикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот за интеграција кон ЕУ", со главен фокус на АБД Грант шемата во прекуграничниот регион "Шара" и известување за реализираните активности во рамки на програмата "Луѓе за луѓе", како и за идните настани во регионот.

Теми на состанокот беа:

- Елаборирање на завршените и идните активности во рамки на програмата "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара" во периодот Октомври – Декември 2016;
- Преглед на генералните и идни активности од имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион "Шара";
- Дискусија и усвојување на Оперативниот протокол и процедури на работа во прекуграничниот регион "Шара";
- Информативна сесија за резултатите од вториот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата;
- Посета на "Луѓе за луѓе" настанот "Регионалниот саем на гастрономија" во Штрпце.

*The project is financed by the European Union*

**Записник од состанокот**

Состанокот започна со поздравен говор на г-динот Фламур Сулејмани, Заменик претсетдател на ГЗС, кој им посака добредојде и им се заблагодари на учесниците за нивното присуство, нагласувајќи ја важноста на регионалната соработка за севкупен развој на регионот. Исто така, г-динот Сулејмани изрази поддршка на активностите на SWG и на ГЗС "Шара" во регионот.

Во име на канцеларијата на Единицата за управување со проекти на SWG во регионот "Шара", координаторот г-дин Емрула Спахиу им посака добредојде на сите учесници и им се заблагодари на нивното учество. Тој уште еднаш ја истакна важноста на редовните состаноци на ГЗС, како и важноста на активната улога на заинтересираните страни во регионалните иницијативи и активности за развој на регионот. Тој ја информираше Групата за успешно затворениот втор повик од АБД Грант шемата со вкупно 14 аппликации кои беа доставени и извести за настаните во рамки на програмата "Луѓе за луѓе" кое беа реализирани и кои се во тек во Шара.

Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка за прекуграничниот регион "Шара", детално ја презентираше програмата на состанокот, фокусирајќи се посебно на секоја сесија, како и на темите кои треба да се дискутираат.

**Сесија I**

**Елаборирање на завршените и идните активности во рамки на програмата "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара" во периодот Октомври – Декември 2016**

Првиот дел од презентацијата на г-динот Емрула Спахиу беше фокусиран на информирање на членовите на Групата за настаните кои беа поддржани во рамки на програмата "Луѓе за луѓе", како и за претстојните настани во прекуграничниот регион "Шара". Во текот на овој перод, од Октомври до Декември 2016, "Kukes Handicraft Fair" беше организиран на 23-ти ноември во Кукс, Албанија. Исто така, Групата беше информирана за претстојните настани, како "Regional Gastronomic Fair" во Штрпце, Косово*, на истиот датум на одржување со состанокот на ГЗС, како и "Regional Youth Entrepreneurship Fair" кој ќе се одржи на 21-ви декември во Кукс, Албанија.

*The project is financed by the European Union*

Сесијата продолжи со презентирање на останатите предодобрени настани. Презентацијата беше фокусирана на процесот на аплицирање за локални субвенции во рамки на програмата "Луѓе за луѓе", преку претставување на целиот процес кој треба да се следи и кои рокови треба да се пошитуваат од страна на апликантите.

Дискусијата беше развиена преку прашања од страна на Регионалниот координатор до претставниците на организациите кои веќе имаат предодобрени настани во рамки на оваа програма. Во однос на настанот "Интегрирана туристичка понуда во Жупа", претставникот на НВО "Агро Ред Голд", г-дин Исмет Османи, ги објасни причините за одложувањето на поднесување на апликацијата заради обврски и почеток на сезоната во кои организацијата е вклучена. Г-дин Беким Битиќи, претставник на Шари Еко Турс, се изјасни дека ќе ја поднесат апликацијата во рамки на рокот даден од страна на SWG. Исто така, за предодобрениот настан "Ден на сирењето" во Драгаш апликацијата ќе биде поднесена во рамки на одредениот рок.

реализираните и идните активности, во чии рамки беше нагласена важноста на состаноците на ГЗС, настаните и манифестациите во рамки на програмата "Луѓе за луѓе", резултатите од првиот повик од АБД Грант шемата, најавување на вториот повик за апликации за АБД Грант шемата и реализираните настани/манифестации во рамки на програмата "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара".

Беше одлучено краен датм за поднесување на апликациите за предодобрените настани да биде 23-ти декември, 2016, со цел да може да се започне со процесот на планирање или да се земат предвид други настани во рамки на програмата.

## Сесија II

### Преглед на генералните и идни активности од имплементацијата на АБДА во прекуграничниот регион "Шара"

Во текот на оваа сесија, Регионалната менаџерка и координатор ја нагласија важноста на интегрираниот економски развој како платформа за соработка помеѓу локалното население, бизнис секторот, фармерите и руралната заедница во прекуграничниот регион, преку организирање на заеднички активности, споделување на информации за ресурси и маркетинг на заедничката понуда.

Акцентот на дискусијата во оваа сесија беше ставен на затворените и претстојните повици за проектни предлози во прекуграничниот регион “Шара“, со преглед на IPA CBC. Во овој контекст, беа споменати можностите за отворање на IPA CBC повици во регионот, како и повикот во рамки на IPA CBC програмата Македонија-Албанија 2014-2020, кој беше затворен во Ноември, 2016.

## <u>Сесија III</u>

### Дискусија и усвојување на Оперативниот протокол и процедури на работа во прекуграничниот регион “Шара“

Третата сесија продолжи со краток преглед од страна на г-а Бојана Јовановска во врска со Оперативниот протокол и процедури на работа на ГЗС “Шара“. Беше нагласено дека Оперативниот протокол беше дискутиран во рамки на претходните состаноци на Групата и потребно е да биде усвоен. Беше побарано од членовите на Групата да ги дадат своите последни коментари на последната верзија на Оперативниот протокол, оттука, бидејќи немаше никакви коментари, документот беше усвоен. Исто така, за понатамошното функционирање или за било какви промени потребни да се направат на Оперативниот Протокол ќе биде дискутирано и одобрено од страна на членовите на Групата во рамки на регуларните состаноци на ГЗС.

## <u>Сесија IV</u>

### Информативна сесија за резултатите од вториот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата

Во четвртата сесија, г-дин Дарко Бужаровски презентираше неофицијални статистички податоци од процесот на аплицирање за вториот повик од АБД Грант шемата во прекуграничниот регион “Шара”. Тој претстави одредени статистики во однос на проектните апликации, напоменувајќи дека се остварени очекувањата во однос на вториот повик во прекуграничниот регион “Шара”. Вкупно четиринаесет (14) проектни апликации беа поднесени, од кои единаесет (11) проектни апликации од Косово*, две (2) од Албанија и една (1) од Македонија. Тој ја претстави моменталната состојба, споменувајќи ги општините од кои потекнуваат апликантите во рамки на вториот повик.

Во текот на сесијата дискусијата иницирана од страна на челновите на Групата беше поврзана со прашања во однос на процесот на евалуација кој претстои и

кога може да се очекуваат информации за проектите кои ќе бидат избрани и одобрени за финансирање во рамки на АБД Грант шемата.

Г-динот Дарко Бужаровски го објасни целиот процес на евалуација на поднесените апликации, започнувајќи од Анализа 1, Анализа 2, теренска контрола и финална одлука, кои се очекува да бидат завршени најдоцна до почетокот на Март, 2017.

## Сесија V

### Заклучоци и идни активности

Во рамки на последната сесија беа донесени следните заклучоци:

- ЕУП "Шара" и SWG ќе служат како информативни точки каде што членовите на Групата (ГЗС) ќе ги добијат потребните информации за нови програми и повици за доставување на предлог проекти. Исто така, ќе продолжат да ја поддржуваат подготовката на апликации за различни повици за предлози и да овозможуваат потенцијални партнерства за активните повици во рамки на IPA CBC програмите и други отворени повици;

- Крајните рокови за поднесување на целосните апликации и извештаи за настаните од програмата "Луѓе за луѓе" треба да се почитуваат, во согласност со договорите и роковите зацртани со договорите;

- Крајниот рок за поднесување на апликации за предодобрените настани од програмата "Луѓе за луѓе" е 23-ти декември, 2016;

- Оперативниот протокол и процедури на работа на ГЗС во прекуграничниот регион "Шара беше усвоен;

- Беше предложено следниот состанок на ГЗС за прекуграничниот регион "Шара" да биде организиран во општина Кукс, Албанија.

**Подготвено од:**

Емрула Спахиу
Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"

Бојана Јовановска
Регионална менаџерка за прекуграничниот регион "Шара"